Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë se Veriut
Средно училиште на Град Скопје
Shkolla e mesme e Qytetit te Shkupit
ШАИП ЈУСУФ / SHAIP JUSUF
Бр./Nr. 08-62/25
31. 08 2020 год./viti
Скопје / Shkup

# К О Д Е К С

## за однесување на ученици при следење на настава од далечина

### I ОСНОВНИ НОРМИ И НАЧЕЛА

- Воспитанието и образованието се приоритет на секој ученик
- Наставата од далечина има еднакво значење, важност и сериозност како и наставата со физичко присуство

### II ЛИКОТ НА УЧЕНИКОТ

Ученикот треба :

- Да се стреми кон постигнување на подобри резултати во следењето на настава од далечина
- Да биде редовен , објективен коректен и одговорен кон далечинското учење
- Да ги почитува законските одредби на училиштето донесени во врска со далечинското учење и воспитно-образовниот процес во целост
- Да ги знае своите права и одговорности и да се прилагодува на новите барање во врска со далечинското учење

### III УЧЕНИКОТ И УЧЕЊЕТО

Ученикот треба :

- Да ја развива својата способност за учење од далечина, одговорно и етички да се однесува за време на наставата од далечина
- Да стекнува вештини за лична ефикасност , планирање и организација на времето во врска со наставата од далечина
- Во учењето да прифаќа примена на новите наставни технологии, методи и да биде отворен за соработка и достапен за комуникација
- Да има сериозен, непристрасен, фер и етички однос за време на оценувањето и следењето на неговото знаење со наставата од далечина

### IV УЧЕНИКОТ И НАСТАВНИОТ ЧАС

Ученикот треба :

- Навремно и редовно да се приклучува на предвидените термини за далечинско учење што се предвидени со распоредот
- Да биде уредно облечен, да ја следи наставата во тивко опкружување, да не создава бучава и да придонесува за непречено одвивање на наставниот час
- За секое отсуство да приложи писмено или усно оправдување од родителот/старателот
- Активно да се ангажира на часот од далечина и да поттикнува соработка

## V МЕЃУСЕБЕН ОДНОС НА УЧЕНИЦИТЕ

Ученикот треба:

- Да ги почитува соучениците за време на часот од далечина , нивната личност и мислење
- Да има меѓусебна соработка и комуникација со другите ученици од класот
- Да помага и пренесува знаење на другите соученици и доколку поседува знаења и вештини да помага при технички пречки за непречено реализирање на часот

## VI УЧЕНИКОТ И УЧИЛИШТЕТО

Ученикот треба :

- Да ја почитува личноста на наставникот
- Да ги почитува правилата, насоките и известувањата на училиштето за одржување на наставата од далечина

## VII УЧЕНИКОТ И СЕМЕЈСТВОТО

Ученикот треба :

- Редовно да ги информира своите родители за постигнатите успеси и неуспеси при далечинското учење, како и за редовноста на часовите
- Да ги почитува етичките укажувањата од родителите во врска со далечинското учење
- Да соработува со родителите за решавање на проблеми кои се поврзани со наставата од далечина

## VIII УЧЕНИКОТ И УЧИЛИШНИТЕ СЛУЖБИ

- Ученикот има право да побара помош од класниот раководител , стручните соработници, предметните наставници и директорот за проблеми во врска наставата во далечина
- За проблеми во врска со воспитно-образовниот процес навремено да го контактира класниот раководител и стручните служби

**Доколку ученикот свесно и намерно не го почитува Кодексот или на било каков начин го изигрува, избегнува и има неодговорен и неетички однос кон правилата во него, кон него ке се преземат соодветни педагошки мерки**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УЧИЛИШЕН ОДБОР**

МЕРСИХА МЕМЕДИ

**В.Д ДИРЕКТОР**

М-Р ДОАН СУЛЕЈМАНОСКИ